

Во рамките на манифестацијата „Божиќ слава“ по повод Денот на Христовото раѓање - Божиќ, на 7-ми јануари во Соборниот храм „Свети Климент Охридски" во Скопје женскиот камерен хор „Света Злата Мегленска" по петти пат го одржа традиционалниот божиќен концерт.

На концертот, освен многубројните посетители, присуствуваа и архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан и министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, а свечена беседа одржа манедонскиот амбасадор во УНЕСКО, Јордан Плевнеш.
Женскиот камерен хор „Света Злата Мегленска” е формиран во 1996 година при Македонската православна црква и е прв од овој вид во Република Македонија. Со овој концерт хорот го одбележа и 15-годишниот јубилеј од своето постоење. Хорот е составен од 22 женски вокали, од кои повеќето се млади академски образовани музичари и студенти на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Иако волонтери според ангажманот, тие со својот професионален однос придонесуваат за афирмација на македонската културна традиција, како и за популаризација на хорското црковно пеење на автентичен начин и со висок квалитет.

